НА ПОПУЛАРНОСТА"

# откриј

на Рис-
ева ка-
стилот.
ња им

лга те-
облече
и пока-
нчиња
раа на
п-песна
италон-
аше на
одгова-
кастите
ја пов-
д Евро-
и со ре-
што ви-
озете.
тандар-
црно -
инација
Уште е

Верица Пандиловска одбра убав светкав бронзен фустан кој, за жал, не одговара на нејзината става. А и шминката ѝ беше прејака, а од дебелиот слој на туш не успеавме да ѝ ги видиме сините очи.

Тоше избра комбинација која не ве воодушевува на прв поглед, ама поради неговата екстрапопуларност и прием кај публиката, секогаш му прогледуваме низ прсти.

Владо Јаневски стандардно елегантен, дури досаден, Трендо беше во тренд, Игор Цамбазов во црно, со порака до Буш на маицата, водителот Сашко тамам како и неговите одлични актерски и водителски перформанси...

*Л. Сабит*

Фото: Б. Грданоски



ВЕРИЦА



ТОШЕ





ЕЛЕНА



# Били Џоел напиша песна за новата сопруга

**ЊУЈОРК (АП) -** Овојпат тој пее за "Девојка од Ист Енд" ("East End Girl").

Били Џоел, кој го напиша големиот хит "Uptown Girl" за Кристи Бринкли, го објавува својот прв поп-сингл по 14 години. "Сиот мој живот" ("All My Life"), што ќе биде достапна на веб-сајтот на списанието "Пипл" од 7 февруари, а од ајтјунс ќе може да се симнува од 20 февруари, е песна што тој ја напиша како подарок за годишнината од бракот, за сегашната сопруга Кејти Ли Џоел.

Жена му е водителка на серијата "Врвен готвач" ("Top Chef") на телевизијата "Браво". Таа пишува и колумна за готвење и за животен стил, "Девојка од Ист Енд", која излегува еднаш неделно во списанието "Хемптонс".

Џоел вели дека фановите на неговата поп-музика не треба премногу да се возбудуваат во очекување да слушнат уште нешто ново од него. Тој изјави дека "Сиот мој живот" ("All My Life") е единствената поп-песна што ја има завршено по својот албум "Река на соништата" (River of Dreams) во 1993.






# Живи настапи во САД на "Џестфанк" и на Четкар

Владимир Четкар завчера настапи со диџеј Бладе од "Џестфанк" во познатиот бостонскиот клуб "Андербар", каде што диџеј Ангел Мораес, еден од најпознатите светски диџеи, е резидент-диџеј. Во овој клуб редовно настапуваат диџеи како Роџер Санчез, диџеите Хед Канди и други. Влезот за свирката на Четкар беше исклучиво со резервации и со билет од 20 американски долари. Нивната свирка направи овој клуб вчера да биде најжешкиот во Бостон.

По овој настап, на ред се поголемите градови во САД. Следуваат настапите во познатите клубови во Сан Франциско.

# Деби-албум на Ѓоко Танески

Вечерва, во 21 часот, во казиното на хотелот "Александар палас", поп-пејачот Ѓоко Танески ќе го промовира деби -албумот "Збогум, најмила". На албумот, меѓу другите песни, се: "Расцветај", "Немам право", "Збогум, најмила". Тој неодамна ја сними песната "Пријатели" заедно со Роберт Билбилов. Автори на песните на Ѓоко Танески се Весна Малинова, Дарко Тасев и Роберт Билбилов. *(З.В.)*

